Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јули 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Ѓулсиме Ибраими од Тетово УП2 09-159/24 од 21 март 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1468 од 21 декември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1468 од 21 декември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Ѓулсиме Ибраими од Тетово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-159/24 од 21 март 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-1468 од 21 декември 2023 година на КЕЦ Тетово, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на објект.

Според Електродистрибуција – најблиската трафостаница која се наоѓа во близина на локацијата на жалителот е ТС Деребој 4, која е на растојание од 1450 метри. Истата е оптоварена 14,5 %, а нема нисконапонска мрежа во правец кон објектот на барателот. До сега немало барање за тој дел затоа што на терен се работи за ниви, поле кое се обработувало.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 1 јули 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-159/24 од 21 март 2024 година со прилог:

-Барање за согласност за приклучок
-Еднополна шема
-Имотен лист
-GIS скица
-Решение за легализација
-Приговор

-Полномошно за Јетмир Ибраими од Тетово
-Приговараното Решение
- Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 4 април 2024.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека не постојат технички услови за приклучок.

Согласно член 35 став (1) точка 2), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–159/24**
**8 јули 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**